Државно средно училиште

Регионален центар за стручно образование и обука

„Моша Пијаде“ - Тетово

Тетово,
август, 2024

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

Годишната програма на воспитно-образовната работа на училиштето за учебната 2024/25 година е изготвена врв основа на обврските содржани во член 29 од Законот за Средно образование (Сл. весник на Р Македонија бр.52/2002) и е донесена на седницата на Училишниот одбор на ден 27.08.2024 година.

Претседател на Училишен одбор:
Агрон Заити

___________________________

Директор:
Димитрија
Апостоловски

___________________________

## Содржина


I. ВОВЕД- ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 5

II. МИСИЈА, МОТО И СЛОГАН НА УЧИЛИШТЕТО ..... 14

III. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 14

IV. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ ..... 15

V. ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 23

Основни цели на училиштето се: ..... 23

VI. УСЛОВИ ..... 27

Наставен кадар ..... 27

Друг кадар ..... 27

Просторни услови ..... 27

Поради реконструкција на училиштето, просторните услови ќе бидат изменети согласно Проектот за реконструкција ..... 27

VII. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА ..... 29

Феријална практика ..... 31

Изборна настава ..... 33

Факултативна настава ..... 33

Консултативна настава ..... 33

Содржини програмирани од училиштето/ Слободни часови на училиштето ..... 33

Дополнителна настава ..... 33

Додатна настава ..... 34

Слободни ученички активности ..... 34

Екскурзии ..... 35

Заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето ..... 35

Феријална пракса ..... 37

Професионална пракса ..... 37

VIII. УЧИЛИШЕН СИСТЕМ НА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ ..... 38

IX. СЛОБОДА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 41

X. УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ..... 42

Директор ..... 42

Помошници на директорот ..... 42

Раководители на оддели – сектори - струки ..... 42

Училишен одбор ..... 42

Совет на родители ..... 43

Наставнички совет ........ 43
Наставенички совет на годината ........ 43
Наставнички совет на паралелката ........ 44
Стручни активи ........ 44
Стручни соработници ........ 45
Раководители на паралелки ........ 45
XI. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 45
XII. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ........ 48
XIII. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ........ 48
XIV. ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ........ 49

# I. ВОВЕД- ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

### Име на училиштето:

Државно средно училиште -Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“

### Адреса на училиштето:

Ул. „Илинденска“ 301 1200 Тетово, Р С Македонија

### Контакт информации:

Телефон: ++ 389 44 330494 ,
Е-пошта: ssoumpte@gmail.com
Лице за контакт:Димитрија Апостоловски -директор

### Локација на училиштето

Училиштето се наоѓа на излез од градот Тетово на пат кон Гостивар, во непосредна близина на Универзитет на Југоисточна Европа (Штулов ), како и во близина на Тетовскиот Универзитет. Со оглед на тоа дека училиштето е оддалечено од Центарот на градот, пристапотдо него е овозможен со организиран бесплатен превоз за учениците.

Во северозападниот дел на Р.С.М., на Долниот дел на Плодната Полошка Котлина, помеѓу падините на Шара, Влајница, Жеден и Сува Гора, се простира Општината Тетово со околу 200 000 жители .

Средното стручно училиште „Моша Пијаде“ е лоцирано од левата страна на западната магистрала Тетово-Гостивар, во близина на индустриската зона на градот. Физиономијата на градот и околината ја одредите современите стопански двојки преку: земјоделство, шумарство и водостопанство, сообраќај и трговија, трговски дејности (во најголем дел занает ) стамбени и комунални дејности, финансиско-технички услуги и образование и наука.

Во последените години, економијата на територијата на Општина Тетово бележи зголемен случај. Како најразвиени дејности се: индустријата за преработка на друштво за производство на мебел, земјоделство, текстилна, прехрамбена индустрија и др. Од економски субјекти во тетовскиот регион, 98% отпаѓаат на малите и средните претпријатија, а само 2% на големите претпријатија. Наведените сектори со нивните капацитети и технологии се конкурентни низ целиот Балкан.

Поради широко развиената мрежа на дејности во локалната и регионалната средина и перспективите, потреби и можности, е и основата на оправданоста во постоевето на Училиштето како и запишување на ученици од повеќе профили во рамките на : машинска, сообраќајна, земјоделска-ветеринарна, угостителско-туристичка, шумарска, електротехничка , градежно-геодетска.

## Историјат на училиштето



Новата зграда на Регионален центар за стручно оспособување и обука "Моша Пијаде"- Тетово, датира уште од 1928 година, како Ниже земјоделско училиште до 1960 год. кога прераснува во Средно земјоделско училиште„Моша Пијаде“, додека како Училишен центар почнува да функционира во 1973 година и ги нуди следните струки :земјоделски техничари,земјоделско- машинскитехничари,автомеханичари, а подоцна е формана и трговската струка. Во 1977/78год. во рамките на Центарот, почнуваат со работа прехрамбената и угостителската струка, а една година подоцна со работа почнуваат ветеринарната и машинската струка во чии рамки покрај машински техничари се образуват и бравар, металостругари и металоглодачи. Поради се поголемиот број на ученици, во 1983 год. е изградена нова училишна зграда. Така, во сегашно време, Училишниот центар опфаќа: две училишни згради и 8 хектари земјиште, во чии рамки влегуваат: училишна економија: свињарска и краварска фарма, мини маркет и спортски игришта. Во 1995 г. Почнува со работа сообраќајната струка, додека трговската струка од 1998/99год. е ставена во мирување.

Во 2005/06 година започнува со работа шумарско-дрвопеработувачка струка,со профилот техничар за шумарство и пејсажна архитектура, додека од учебната 2006/07 год. воведени се електротехничката струка, така профилот-електротехничар за компјутерска техника и автоматика и градежно-геодетска струка. Од јануари 2020 год. со прераснување во Регионален центар за стручно образование и обука,како еден од трите Регионални центри каде всушност Машинската и електротехничката струка се приоритет во рамки на Регионалниот центар.

## Остварување на дејноста на училиштето во тековната година .

Наставата во училиштето за учебната 2023/24 г. започна на 01.09.2023 и истата заврши на 17.05.2024 за учениците од завршните години-матурантите и на 10.06.2024 г. за не завршните години.

Во текот на учебната година беа реализирани 173 наставни денови за учениците од незавршни години, со четиригодишно и тригодишно образование. За учениците од завршните години, како и за учениците со посебни образовни потреби се реализирани 158 наставни денови.

Зимскиот распуст за учениците започна на 30 декември 2023 г. и истиот според Календарот за работа на средните училиштата беше предвидено да трае до 19 јануари 2024 г. Пролетниот распуст за учениците започна на 29.04.2024 и траеше до 06.05.2024 година. Летниот распуст започна на 11.06.2024 и траеше до 01.09.2024 година.

Во текот на првото и второто полугодие наставата во училиштето се одвиваше во две смени и тоа: прва смена со учениците од I-IV година- македонска настава и учениците од I година-албанска настава. Вторатта смена се реализираше со учениците од останатите три години од албансака настава. Смените се менуваа на месечно ниво.

Педагошката документација од страна на наставниците беше предадена според предвидениот рок. Истата беше проверена од страна на Тимот за педагошка евиденција и стручната служба. Од нивна страна беше укажано на утврдените недостатоци, со цел истите да бидат коригирани и надополнети навремено.

Во рамките на стручното усовршување наставниот кадар, стручната служба и менаџментот на училиштето пом. директорите и директорот земаа учество во следниве обуки-семинари:

Во месец септември се одржа Годишно собрание на МАССУМ во хотел „Бисер“ – Струга на кое присуствуваа Сузана Лековска и Бурим Даути на кое се презентираше новиот проект на УСАИД на тема: „Усовршување на стручните вештини и мотивација на младите“, впечатоци и коментари за МАССУМ -2023, се разгледуваше финансискиот извештај и се изврши избор на училиште домаќин за МАССУМ -2024 година.

- Дводневна обука одржана во Добрич и Варна во Бугарија на тема: „VET AT HOME“ подржана од ЕУ , имплементирана како пилот програма на ERASMUS+, наменета за он лине практична настава за готвачи. Во првиот дел од обуката беѓе презентирана платформата за он лине настава со снимање на видеа за готвење, начин на објаснување на учениците и оценување. Во вториот дел од обуката учесниците од Бугарија, РС Македонија, Хрватска, Шпанија и Португалија имаа можност да приготвуваат национални јадења заедно со светски прваци, шефови на кујната, професори на Факултетот за туризам и угостителство во Варна. Воедно беше тестирана и платформата. Истиот месец наставникот Виолета Србиновска беше на Воведниот состанок за КА1 ВЕТ проектот. Состанокот се одржа во просториите на Националната агенција. Наставникот Зоран Ќироски учествуваше на две Работилници организирани од Центарот за стручно образование и наука во рамките на проектот Подобрување на квалитетот на образованието и обуката во ЈИЕ – EQET SEE во Скопје. Работилниците се одржаа во Хотел „Амбасадор“ Скопје.
- Во месец октомври заврши ERASMUS+ проектот „Од мисли до кодови“ кој започна 2020 година и заврши во август 2023 година. Координатор беше училиште во Грција, а како земји партнери беа Турција, РС Македонија, Португалија, Романија и Италија и беше наменет за учениците и наставниците од средните училишта. Проектот главно вклучуваше научно-технолошки дисциплини бидејќи имаше за цел да промовира вештини и компетенции за учење математичко-научни дисциплини преку иновативни технологии и логичко размислување. Како краен производ беше учениците да добијат нови идеи и да стекнат техники за учење со цел да

се оспособат самостојно да програмираат. Како финални продукти на проектот се: Our Robot Constructions (Video), Calendar 2023-2024, Collaborative Comic Story ( Book Creator, Animated in Scratch), English Course and Web tools Curriculum, Inclusiveness in Coding. Кристина Дамјановска и Сара Тофиловска како претставници од стручната служба учествуваа на работилница на тема: „ Пристап водич од доживеана траума“ организирана од UNICEF во Стопанска комора на РС Македонија. Истиот месец во нашето училиште се одржа практичен час на учениците од угостителската струка од македонска и албанска настава. Како главни готвачи беа нашите партнери од ресторан „ BOSS “-Тетово, Зоран Андонов и Насер Хавзија каде нашите ученици имаат дуална настава. Готвачите заедно со нашите ученици приготвија мени од тиква: крем супа, пире од тиква со стек и десерт од тиква. Во октомври беше остварена средба со партнерското училиште СОУ„ Наум Наумовски Борче“ – Крушево. Како претставници од нашето училиште беа присутни наставниците Павлина Радическа, Светлана Мическа, Александар Марковски и Александар Стефановски. Во спортскиот дел на манифестацијата беа победници учениците од нашето училиште, како и во ликовниот дел , додека во литературниот дел нашите ученици освоија второ место. Во месец октомври наставникот Зоран Бошковски и ученици имаа учество на настанот SUBEX посветен на дуалното образование по германски модел кој се одржа во Хотел „ Хилтон “ – Скопје подржан од Делегација на германското стопанство во РС Македонија. Истиот месец наставникот Зоран Ќироски учествуваше на Работилница на тема: „ Поддршка во понатамошната имплементација и зајакнати капацитети на НРК во согласност со рамката за обезбедување квалитет. Проектот е подржан од EU, а Работилницата се одржа во Клуб на пратеници во Скопје.

- Во месец ноември беше одржана он лине обука на тема: „Дидактички материјали за квалитетно СОО од Education for employment in North Macedonia на која учествуваа претставници од стручната служба. Кристина Дамјановска и Сара Тофиловска беа присутни на Работилница за превенција/ реинтеграција на деца во ризик и во судир со законот на тема: „Програма за зависности/ Употреба на психоактивни супстанции која се одржа во Стопанска комора на РС Македонија, а е организирана од UNICEF. Истиот месец помошник директорот Светлана Милошевска, Психологот Кристина Дамјановска и наставникот по стручни сообраќајни предмети Зоран Ѓорѓевски присуствуваа на обука подржана од EU на тема: „ Промоција на културата за обезбедување на квалитет и европска рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука – EQAVET. Обуката се одржа во Хотел „Солун“ во Скопје. Директорот Димитрија Апостоловски и наставникот Александар Петровиќ учествуваа на обука на тема: „ Градење на менаџерски капацитети“, подржана од EU, имплементирана од WE GLOBAL. Истиот месец наставникот Драган Даниловски учествуваше на регионалниот настан „Дигитални технологии во одржливи прехранбени системи“ кој се одржа во Хотел „Холидеј Ин“ – Скопје. Целта на настанот е размена на искуства и ставови на фармерите, креаторите на политики, академската заедница, советодавните тела и технолошките компании во врска со дигиталната транзиција и нејзиното влијание на одржливоста на прехранбените продукти. Истиот месец Дејан Ванески учествуваше на Национална Работилница во рамките на проектот „ Обезбедување на квалитет на работата на КУПР“ на тема: „ Валидација на инструментите за обезбедување на квалитет во работата на КУПР“, Работилницата се одржа во Хотел „Арка“ Скопје. Во месец ноември наставниците Виолета Србиновска и Душко Перински учествуваа на обука на тема: „ Тематска обука за провајдери на СОО со цел подигање на свеста за мобилностите во полето СОО и признавање на резултатите од учењето“- Национален тим за СОО ( National VET Team). Обуката се одржа во Хотел „Инекс “ во Охрид.
- Во месец декември се одржа трет работен состанок на членовите на работната група на даватели на постсредно образование за изработка на нова концепција за постсредно образование. Како подактивност беше „Изработка на патоказ за подобрување на системот за

постсредно образование – Изработка на Концепција за постсредно образование" на кој учествуваа наставникот по стручни електротехнички предмети Александар Петровиќ и Агим Незири. Состанокот се одржа во Хотел „Солун"- Скопје, а беше подржан од EU. Истиот месец ученици од нашето училиште учествуваа во снимање на спот во нашето училиште организирано од Education for employment in NM. Во месец декември Дејан Ваневски и Агим Незири учествуваа на Работилница во рамки на проектот „Обезбедување на квалитет во работата на КУПР" – Менторство на наставници по Практично образование. Работилницата се одржа во Хотел „Континентал" во Скопје организирано од Институт за развој на зедниците. Истиот месец пом директорот Светлана Милошевска и психологот Кристина Дамјановска учествуваа на обука на тема „ Менторство и коучинг"во Хотел „ Панорамика" Скопје. Проектот е подржан од EU, а имплементиран од WE GLOBAL. Помошник директорот Светлана Милошевска и наставникот Агрон Заити учествуваа на обука на обучувачи на тема: „ Развивање и спроведување на програми за обука за вработените во училиштата за стручно образование и обука" во рамките на Програмата за обука на педагошки пристапи организирана од WE GLOBAL, подржана од EU. Обуката се спроведе во Хотел „Тиволи" Тетово.

Во *месец февруари* беше одржана заедничка средба на две работни групи со цел привршување на активностите за изработка на Концепцијата за ПСО. Средбата се одржа во Хотел „Панорамика"-Скопје, на истата учествуваа Александар Петровиќ и Агим Незири. Истиот месец наши претставници зедоа учество на Валидациона работилница во Хотел „Парк", за усвојување на предфинална верзија ма Концепцијата за постсредно образование, работилницата беше организирана од WE GLOBAL. Во месец февруари стручните соработници Сара Тофиловска и Кристина Дамјановска учествуваа на онлајн презентација на резултати од истражување : „Актуелни политики, практики и предизвици во поддршка и јакнење на младите од ранлици категории", во рамките на проектот: „Проценка на компетенции за реинтеграција и јакнење", подржан од Механизмот за граѓанска отпорност на ЕУ (CRM). Истиот месец наставниците од земјодеско-ветеринарната струка учествуваа на состанок на невладиното здружение ТЕРА-ФИТОН-АНИМАЛ, кое се одржа во СОУ„Цар Самоил" – Ресен.

Во *месец март* во нашето училиште се одржа Работилница за Европас додаток на сертификат на која учествуваа стручен соработник Кристина Дамјановска и Сара Тофиловска и предметен наставник Виолета Србиновска. Работилницата беше организирана од ЦСОО.

Во *месец април*, стручните соработници Кристина Дамјановска и Сара Тофиловска зедоа учество на дводневна обука од областа на менталното здравје на тема : „Унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовен контекст". Обуката се одржа во ОУ „Андреја Савески Кикиш" – Тетово. Истиот месец Директорот и стручната служба учествуваа на обука во рамките на Проектот Подобрување на квалитето на образованието за средните училишта и инклузивното образование, организирана од STEP by STEP.

Во *месец мај* стручниот соработник Сара Тофиловска и предметниот наставник Ивана Неделковска зедоа учество на Обука за спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование, одржана во хотел „Холидеј ин" – Скопје, организирана од VET and Adult Education. Истиот месец од провајдерот за обука на наставници 03 Инвест - Скопје се одржа обука на тема: „Одржливите и иновативни решенија се наш предизвик", на која учествуваше наставниот кадар на нашето училиште.

Во *месец јуни* се одржа обука на тема: „ Дигитални вештини кај наставниците во функција на

наставата ( при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично). На обуката учествуваа наставниот кадар, раководниот кадар и стручната служба. Обуката е акредитирана од страна на БРО, а беше реализирана од акредитиран провајдер за обуки за наставници 03 Инвест – Скопје.

-Успехот и поведението се во прилог на овој извештај

Во рамките на заштита и унапредување на здравјето на учениците Во училиштето постојано се превземаа сите мерки за заштита и унапредување на здравјето на учениците.

Од страна на стручната служба беше овозможена помош и поддршка на учениците за справување со проблемите на учениците од психолошка природа, како и за останатите проблеми кои се однесуваат на менталното здравје на учениците;

На класните часови се реализираа предавања и дискусии на различни теми поврзани со здравјето на учениците,пред се менталното здравје.Темите се предвидени од самиот почеток на учебната година, од страна на стручната служба; Дел од тие теми се однесуваат на : последици и заштита од стрес, негативни последици од користење на психоактивни супстанци, алкохол, пушење, насилно и агресивно однесување, сајбер насилство, врсничко насилство, стравови со кој се соочуваат младите, асоцијално однесување, разрешување на конфликти, развивање на самопочит, јакнење на самодоверба и сигурнос во себе.

Со учениците од четвртта година, поконкретно со доброволно пријавени полнолетни ученици и вработени, во просториите на училиштето се реализира Крводарителска акција, во соработка со Центарот за Трансфузиологија-Тетово;

Ученички екскурзии се реализираа согласно Програмата за ученички екскурзии и Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта. Учениците од прва до четврта година – македонска настава реализираа еднодневна посета на градот Битола , додека учениците од прва до четврта година – албанска настава реализираа еднодневна посета на Струга . Учениците од трета година – македонска настава ја реализираа повеќедневната екскурзија во Италија, а учениците од трета година – албанска настава во Албанија.

Учество на натпревари во текот на учебната година:

-Во месец октомври под менторство на наставникот Далибор Спасовски учениците од I-13 учествуваа на Меѓуопштински натпревар во пинг понг.

-Во месец ноември на натпревар по информатика „Дабар"учествуваа ученици од I-13 и I-14 клас и истите добија сертификат за учество. Истиот месец под менторство на Александар Марковски учениците од II, III, IV година учествуваа на општински натпревар во одбојка кој се одржа во средното економско училиште „8 Септември"Тетово. На општински натпревар во фудбал учествуваа учениците од I-IV година кој се одржа во средното економско училиште „8 Септември"Тетово под менторство на Александар Марковски и Александар Стефановски. Одржан и општински натпревар во кошарка – Александар Марковски. Учениците освоија прво место на општинско ниво. На општински натпревар во ракомет учествуваа учениците од I-IV година кој се одржа во средното економско училиште „8 Септември"Тетово под менторство на Александар Марковски и Александар Стефановски и учениците освоија прво место на општинско ниво.

-Во месец декември одржан кошаркарски натпревар во Гостивар во кој учествуваа ученици од II, III и IV година под менторство на Александар Марковски.

-Во месец март наши ученици учествуваа на Ликовен конкурс по повод 15 март Светскиот ден на правата на потрошувачите на тема: „Пластичен отпад – одговорна потрошувачка". Истиот месец ученици од нашето училиште од машинска и електротехничка струка учествуваа на регионален

натпревар кој се одржа во СУГС ЕМУЦ „8 Септември“ Скопје.

-Во месец април, наши ученици од прва и втора година зедоа учество на Конкурсот организиран од Институтот а етнологија и антропологија при ПМФ на тема: „Истовременици: истражи или замисли“. Истиот месец ученик од втора година учествуваше на натпревар по Историја организиран од ЗИРМ.

Во рамките на проектот “Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието„ :

- Во месец мај MASSUM организираше Образовно рандеву 2024, на кое учествуваа ученици од нашето училиште и беа избрани за : Најдобро интервју за работа – ментори Ивана Симоска, Брунилда Кучи, Бурим Даути, за најдобро јавно говорење – ментор Афрдита Фетахи, најдобар меркетин план – ментор Минуше Абдии, Најдобар бенд и соло изведувач – ментор Сузана Љековска, најдобра видео реклама и најдобра веб страна – ментор Ангелина Коцеска, најдобра фотографија – ментор Светлана Мическа, најдобар штанд – ментор Ивана Неделковска, најдобра драмска претстава – ментор Даниела Маџова, најдобар постер – ментор Бурим Даути и Светлана Мическа, најдобар пинг понг играч – ментор Александар Маркоски и Газморе Салихи, најдобра екипа во баскет и серва – ментор Александар Марковски и Александар Стефановски. Истиот месец ученик од машинска струка освои прво место на Државниот натпревар одржан во СОУ „Богданци“-Богданци. На истиот натпревар зедоа учество и ученици од електротехничка струка. Во месец мај во Струга , се одржа натпревар од тежок карактер во готвење на риба помеѓу шест училишта од земјава и странство. Тројца ученици од нашето училиште на натпреварот беа наградени со трето место.

-На Државниот тракторски натпревар кој се оддржа во Кавадарци ,*месец мај* учество земаа дванаесет ученици од македонска и албанска настава, под менторство на професорите Јован Пауновски, Менсур Демири, Ресуљ Мемети, Драган Даниловски, Агим Алими, Симбиле Ајдини, Александар Христов.

-Во месец јуни, во рамките на проектот со број 2023-1-MK-KA121-VET-000134114, ученици од нашето училиште зедоа учество во Лајпциг, Германија.

Стручните тела и органи одржуваа редовно состаноци во училиштето.

Во училиштето покрај претходно наведените, беа реализирани и следниве настани и активности:

- Од страна на претставници од МВР-Тетово се одржаа предавања на теми: „Не управувај моторно возило без положен возачки испит“. Предавањата ги проследија ученици од втора година. Предавање на тема: „Безбедност во училиштата и меѓуетмничка толеранција“на кое учествуваа учениците од прва година.

Во месец окитомври во нашето училиште се одржа практичен час на учениците од угостителската струка од македонска и албанска настава. Како главни готвачи беа нашите партнери од ресторан „ BOSS “-Тетово, Зоран Андонов и Насер Хавзија каде нашите ученици имаат дуална настава. Готвачите заедно со нашите ученици приготвија мени од тиква: крем супа, пире од тиква со стек и десерт од тиква.

Во месец октомври беше остварена средба со партнерското училиште СОУ„ Наум Наумовски Борче“ – Крушево. Како претставници од нашето училиште беа присутни наставниците Павлина Радическа, Светлана Мическа, Александар Марковски и Александар Стефановски. Во спортскиот дел на манифестацијата беа победници учениците од нашето училиште, како и во ликовниот дел , додека во литературниот дел нашите ученици освоија второ место.

Во месец декември ученици од нашето училиште учествуваа во снимање на спот во нашето

училиште организирано од Education for employment in NM.

Во месец декември се одржа Новогодишен панаѓур од хуманитарен карактер. На панаѓурот учествуваа сите наставници и ученици со подготвена храна. Паричните средства беа наменети за ученици од загрозени категории.

Во месец декември беше организирана Новогодишна работилница – изработка на новогодишни украси. Истата беше во соработка со ОУ „Андреја Савески –Ќиќиш“. На работилницата учествуваа учениците од двете инклузивни училишта, со учениците од Ученичка заедница, наставниците , стручните соработници, образовни асистенти и родители.

На Меѓународниот ден на децата со ПОП беше организирана Работилница под мотото „Со насмевки другаруваме и учиме во нашиот дом-училиштето. Целта е подигање на јавната свест за лицата со посебни образовни потреби. Учествуваа ученици од нашето училиште, Ученичката заедница, наставници и стручната служба.

Одржано предавање на учениците од трета година на тема; „Сексуално образование“од невладината организација „Хера“ во просториите на нашето училиште. За учениците од трета година МВР одржа предавање на тема: „Како да се однесуваме на спортски натпревар“. и „Насилно однесување“. ЕКО ГЕРИЛА одржа обука во рамките на проектот :„Подигање на свеста за климатските промени и загадувањето на воздухот кај младите и создавање зелени оази во Тетово, на која зедоа учество наши ученици од втора година. Учениците од нашето училиште беа анкетирани со UReport MK прашалник: „Национален акциски план за ментално здравје кај деца и адолесценти“. Центарот за поддршка Тетово одржа презентација на тема „Врсничко насилство“ за учениците од сите години.

Одржано предавање на учениците од четврта година од Министерството за одбрана „Воена академија“, Факултетот за земјоделство и храна и ФОН, со цел запознавање на матурантите со програмите и условите кои ги нудат горенаведените факултети.

-Во рамките на Ученичката заедница училиштето се одржаа повеќе активности од страна на учениците. Имено, во *месец ноември беше реализирана средба со претседателите на паралелките со цел избор на координатори за секоја година.Воедно* по пат на тајно гласање беа избрани претседател и заменик претседател на Ученичката заедница. Се реализираа активности со цел запознавање со правата и одговорностите на учениците во училиштето, како и за подигање на свеста за зголемување на меѓусебното почитување, помош и поддршка. Како резултат на нивната иницијатива, учениците во *месец декември* реализираа тридневна работилница заедно со учениците со посебни потреби, на која изработуваа новогодишни украси, пишуваа новогодишни пораки на хартиени лампиони, со кои ја украсија новогодишната елка и го украсија училишниот простор во двете училишни згради;

-На 3 *декември*, како училиште го одбележавме „ Меѓународнот ден на лицата со посебни образовни потреби, денот кој е промовиран од страна на Обединетите нации уште во 1992 година, со цел подигање на свеста за подобро разбирање на лицата со ПОП, борба за нивните права, инклузија во сите области од секојдневното живеење, прифаќање на различностите и нивните можности и способности. Училиштето организираше Работилница под мотото „Заедно можеме се“.

-На денот на патрониот празник на училиштето *15 март*,покрај предвидените активности за свечено одбележување на патрониот празник, беа наградени најдобрите ученици на генерација како и вработени со јубилеј од 10,20 и 30 години работен стаж.

-По повод Денот на лицата со аутизам на *3 април* стручната служба организираше работилница со учениците со посебни потреби кои со своите изработки го одбележаа овој ден.

-Во *месец мај* се оддржа„ Отворен ден „на училиштето каде полуматурраните заедно со нивни наставници имаа можност да се запознаат со условите и можностите за запишување и продолжување на нивното образование, во нашето училиште.Настанот беше подржан од МОН како дел од кампањата„Учи паметно-работи стручно„ и истиот беше посетен од претставници од МОН, ученици и наставници од основните училишта на град Тетово како и основни училишта од останатите општини на град Тетово.

Училиштето оствари успешна соработка со повеќе компании: Ветеринарна станица – Тетово, Вет.амбуланта „ Ветмедика", Везе Шари, Вететеринарна аптека „Дог кет", Земјоделска аптека „Агроквантум", Земјоделска аптека „ Јонатон", „ Интер мебел", Мебел "Интер Фантази", Погон за стакло„ Викторија", „Патент Рафт", Менсар Тек, Итексервис, СТР Компјутерс, ПАН ИТ & принт, АД Печатница „ Напредок", ИРЗ- Тетово, ОТК сервис, Макстех, БИА мебел, Гоги тенди, ИТС Системи, Сервис за апарати„ Ама", Електроинсталатер „ Гафо", „Е-теч", „Сатерм", БС Електро 2018, ТС Електрик, Електрика АГ, BLIC, BOSCH, Була транс, Хак бус, Даути комерц- Сарај, „Ле ро шпед", Линк шпед, „Коктел трејд", НЕС комерц, „Валк комерц", САБА карго, „ Лактоза", Бени, дооел, Беџети компани, Ресторан „ Бакал", Ресторан„ Сенатор, Гостилница „ Кеш", Ресторан„ Парадокс", Турис.агенција„ Фортуна турист", Кафуле „ Стрејт", Туја – бар, Ресторан M-house и други, во кои ученици запишани во прва година ќе имаат можност да ги стекнат потребните знаења и вештини во рамките на дуалното образование.

Како силни страни во животот и работата на училиштето ќе ги наведеме следните:

- Стручно квалификуван наставен кадар според нормативот
- Подготвено на наставниот кадар за стручно усовршување
- Добра организација во работењето на училиштето
- Добра клима и меѓучовечки односи меѓу вработените
- Вклученост насите етнички заедници во училишниот живот
- Добра комуникација на релација менаџерски тим - наставен кадар
- Добра соработка на релација стручнаслужба- наставници - ученици
- Добра комуникација помеѓу наставниците и ученитите
- Континуирана и отворена соработка со родителите
- Соработка со други училишта, како во градот, така и со други сродни стручни училишта од Републиката
- Успешна соработка со социјални партнери на училиштето
- Добра соработкасо дел од фирмите каде учениците обавуваат практична работа, а кои повремено и вработуваат дел од учениците откако ќе го завршат школувањето
- Континуирано вложуваве во развојот на училишни ненаставни дејности(фарми, авто - школа, кујна, машинска работа и др.)

Како слаби страни во животот и работата на училиштето ќе ги наведеме следните:

- Недостаток на нагледни средства како (машини, апарати, препарати и сл.) за изведба на пракса
- Недостаток во однос на, обезбедување на континуирана подршка и услуги (интернет) за реализација на ИКТ настава .
- Успехот и редовноста на учениците.

## II. МИСИЈА, МОТО И СЛОГАН НА УЧИЛИШТЕТО

Мисијата на училиштето е:

„Нашиот стремеж е да им овозможиме на нашите ученици да се стекнат со квалитетни стручни компетенции и вештини со кои ќе го започнат својот професионален развој, но исто време да градиме и личности со развиена свест за почитување и градењето на нашето мултиетничко општество"

Мотото на училиштето е:

"Секој ученик не мора да е со одличен успех, но може да стане одличенпрофесионалец и одличен човек".

Слоганот на училиштето е: „ИДНИНАТА Е ВО СТРУЧНОСТА"

Нашето училиште преставува институција во која се изградуваат слободните личности кои стручно и квалитативно се оспособуваат за една од следните дејности: машинство, компјутерска технологија, сообраќај, ветеринарство , градежништво, шумарство и стекнатите знаења и способности од овие дејности, во рамките на реформираното средно стручно образование и обука која е ориентирана кон пазарното стопанство и Европската унија, им овозможува стручна квалификациска потреба на пазарот на трудот на регионално и локално ниво.

Исто така, учениците оптимално, хармонично ги развиваат своите способности, својата личност, творешвото и талентираност и се мотивираат за да се образуваат за она ниво кое сакаат и имаат способности ,развиваат толерантност за меѓусебно разбирање, се подготвени за вклучување на работа во соодветни фирми кои функционираа според вообичаените нормативи на пазарното стопанство, одговорно ги вршат своите задачи согласно на нивната улога на непосреден извршител и се оспособени да ги согледаат можностите на пазарот и одговорно да донесат информации за основа на малата сопствена фирма.

## III. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

„Во изградувањето на идниот стручен кадар и личноста на ученикот се раководиме од потребите на труд, интересите на учениците, неопходноста од трајно стручно усовршување на наставниците, специфичноста нашето општествокако мултиетничкои потребите за одржување наздрава животна средина"

Сакаме нашето училиште да претставува институција, која квалитетно и Стручно ќе оспособува кадри кои стручните знаења и квалификации ќе ги стекнуваат преку квалитетна, осовремена и ефикасни настава и пракса, прилагодена на интересите и потребите на учениците, за подоцна да можат успешно да ги применуваатво својата професионална стручна работа.

Глобалните активности преку кои ќе ја реализираме нашата визијата се: трајно усовршуање на наставниот кадар, првенствено на знаење и новините во наставата како и осовременување на наставни средства и технички помагала за работа во наставата. Осовременување и на нашите услуги за квалитетна реализација на практиката настава.

Но, и како воспитна , а не само образовна установа, имаме обврска да изградиме и личности кои во иднина успешно ќе се вклопат не само на пазарот на труд, туку и во нашето мултиетничко општеството. А за таа цел ние во тек на школувањето, сме должни да им ја развиваме свеста за потребата од тоа, тие да продолжат да го градат таквото општество.

Должни сме исто така, континуирано да ја градиме и свеста за потребата од здрава животна средина во која ќе живеат и работат.

## IV. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

Како дел од предвидените цели од Развојниот план на училиштето, како приоритети за оваа учебна година се определени следните:

Стратешка цел:

- **Реконструкцијата на училиштето во рамки на проектот за воспоставување на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) од МОН и Владата на РСМ, поддржан од Европската фондација за обуки и УНДП**

Развојни цели:

- Подготовка на училиштето за реконструкција
- Обезбедување функционалност во работењето на училиштето за време на реконструкцијата
- **Подготовка на училиштето за работа во новите услови за работа по завршување на реконструкцијата**

| **Развојна цел** | **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1<br>2023/2024 | Година 2<br>2024/2025 | Година 3<br>2025/2026 | Година 4<br>2026/2027 |
| **1.1 Подготовка и реализација на реконструкција на училиштето** | 1.1.1 Обезбедување услови за почеток на реконструкцијата и за одвивање на наставниот процес во училиштето за време на истата | 1. Формирање на работна група за соработка со изведувачот и запознавање со нивниот план за реконструирање<br><br>2. Изработка на оперативен училишен план за подготовка за реконструкција (простор каде ќе се сместуваат мебелот, инвентарот, документацијата и сл., | - | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | носители, време и сл.)<br><br>3. Реализирање на оперативниот план<br><br>4. Формирање работна група за изготвување на план за подготовка и реализација на настава за време на реконструкцијата (за онлајн настава)<br><br>5. Информирање и вклучување во подготовката на наставниците, родителите и учениците | | | |

<table>
<tr><th rowspan="2">Развојна цел</th><th rowspan="2">Конкретни цели</th><th colspan="4">Активности (дејствија)</th></tr>
<tr><th>Година 1<br>2023/2024</th><th>Година 2<br>2024/2025</th><th>Година 3<br>2025/2026</th><th>Година 4<br>2026/2027</th></tr>
<tr><td rowspan="2">1.2 Обезбедување функционалност во работењето на училиштето за време на реконструкцијата</td><td>1.2.1 Надзор на работите за време на реконструкцијата на училиштето до нејзино завршување</td><td>1. Формирање тим за надзор<br>2. Континуирана комуникација и соработка со сите субјекти вклучени во реконструкцијата<br>3. Превземање соодветни мерки и активности кои ќе произлегуваат во текот на реконструкцијата</td><td>1. Надзор на завршните работи<br>2. Превземање соодветни мерки и активности кои ќе произлегуваат во фазата на завршување на реконструкцијата</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>1.2.2 Следење на онлајн наставата во периодот на реконструкција на училиштето и обезбедување услови за реализација на сите други задолженија и активности во</td><td>1. Изготвување план за следење на онлајн наставата (следење на часови;. редовност, реализација на практична обука на учениците)<br>2.Одржување месечни Совети на паралелка (онлајн</td><td>1. Подготовка за новата учебна 2024/2025 година во услови на реконструкција<br>2. Работа на адаптација со учениците од прва година и соработка со нивните</td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | рамки на наставниот процес | или со физичко присуство)<br>3.состаноци со Наставнички совет, Совети на година, родители, стручните активи<br>4. Работа со учениците со ПОП и нивните родители<br>5. Утврдување на потешкотии во реализација на наставата и превземање соодветни мерки и активности за нивно надминување<br>6. Реализација на воннаставни активности (екскурзии, натпревари, матура, проекти и др.)<br>7. Подготовка на уписна стратегија | родители<br>3. Продолжување со следењето на наставата до завршување на реконструкцијата<br><br>4.Утврдување на потешкотии во реализација на наставата и превземање соодветни мерки и активности за нивно надминување | | |

| **Развојна цел** | **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 (учебна 2023/2024) | Година 2 2024/2025 | Година 3 2025/2026 | Година 4 2026/2027 |
| **1.3 Организација на работата на училиштето по завршување на реконструкцијата** | 1.3.1 Обезбедување услови за започнување со работа во новите услови после завршување на реконструкцијата | - | 1.Средување на просториите со инвентар и опрема<br>2. Изготвување распоред за паралелките за користење на просториите /кабинети, училници<br>3. Изготвување | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | нов куќен ред за ученици и вработени<br>4. Поставување одговорни лица<br>5. Следење на работата во новите услови | | |

- Развојна цел 1.1 Подготовка и реализација на реконструкција на училиштето

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори за успечност | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.1.1 Обезбедување услови за почеток на реконструкцијата и за одвивање на наставниот процес во училиштето за време на истата | 1. Соработка со изведувачот и запознавање со нивниот план за реконструирање<br>2. Изработка на оперативен училишен план за подготовка за реконструкција (простор каде ќе се сместуваат мебелот, инвентарот, документацијата и сл., носители, време и сл.)<br>3.Реализирање на оперативниот план | Работни групи од наставници и помошно технички<br><br>менаџмент | Хартија Тонер | Не се предвидени | ноември / декември 2024<br><br>ноември / декември 2024 | реализиран оперативен план<br><br>завршени подготовки пред реконструкцијата | Извештаи од работните групи<br><br>Извештаи<br><br>фотографии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Изготвување на план за подготовка и реализација на настава за време на реконструкцијата (за онлајн настава)<br>5.Информирање и вклучување во подготовката на наставниците, родителите и учениците | Работни групи од наставници и стручна служба, администратори<br><br>менаџмент<br><br>класни раководители | | | јануари 2024 | завршени подготовки за преминување во онлајн настава | комплетирани корисничк и имиња на сите ученици<br><br>записници од состаноци со родителите, наставниците |

Развојна цел 1.2 Обезбедување функционалност во работењето на училиштето за време на реконструкцијата

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори за успечност | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.2.1 Надзор на работите за време на реконструкцијата на училиштето до нејзино завршување | 1. Формирање тим за надзор<br><br>2.Континуирана комуникација и соработка со сите субјекти вклучени во реконструкцијата<br><br>3. Превземање соодветни мерки и активности кои ќе | Работни групи<br><br>Тим за надзор<br><br>менаџмент | работна опрема | Не се предвидени | во тек на 2024 год. | успешна комуникација и соработка<br><br>реализирање на реконструкцијата според предвидениот план | Извештаи од работните групи и тим<br><br>Извештаи<br><br>фотографии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | произлегуваат во текот на реконструкцијата<br><br>4.Надзор на завршните работи од реконструкцијата | | | | | | |

Развојна цел 1.2 Обезбедување функционалност во работењето на училиштето за време на реконструкцијата

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори за успешност | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.2.2 Следење на онлајн наставата во периодот на реконструк | 1. Изготвување план за следење на онлајн наставата (следење на часови;. редовност, реализација на практична обука на учениците)<br>2.Одржување месечни Совети на паралелка (онлајн или со физичко присуство)<br>3.состаноци со Наставнички совет, Совети на година, | Стручна служба и пом. директори<br><br>класни раководители и стручна служба<br><br>менаџмент | тонер хартија компјутери<br><br>материјали за | дополнително ќе се | јануари, 2024 г.<br><br>во тек на 2024 год. | успешно реализирање на наставата | документација од следење<br><br>Извештаи од работните групи и тим<br><br>Извештаи<br><br>записници евиденција<br><br>изработени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ција на училиштето и обезбедување услови за реализација на сите други задолженија и активности во рамки на наставниот процес | родители, стручните активи<br>4. Работа со учениците со ПОП и нивните родители<br>5. Утврдување на потешкотии во реализација на наставата и превземање соодветни мерки и активности за нивно надминување<br>6. Реализација на вонаставни активности (екскурзии, натпревари, матура, проекти и др.)<br>7. Подготовка на уписна стратегија<br>8. Подготовка за новата учебна 2024/2025 година во услови на реконструкција<br>9. Работа на адаптација со учениците | дефектолог, класни раков.<br>стручна служба, пом. директори<br>наставници, кл.раков.<br>стручни активи<br>стручна служба, пом. директори<br>наставници, кл.раков.<br>стручна служба, менаџмент | работа | утврдат за целата година | во тек на 2024 год.<br>април, 2024<br>јуни, август 2024<br>септември 2024<br>до крај на 2024 | реализирани сите предвидени активности<br>успешно завршен упис<br>успешен почеток на новата учебна година<br>надминати потешкотии | материјали<br>Извештаи<br>програми, дописи и др.документација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од прва година и соработка со нивните родители<br>10. Следење и превземање мерки до завршување на реконструкцијата | | | | | | |

Развојна цел 1.3 Организација  на работата на училиштето по завршување на реконструкцијата

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори за успешност | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.3.1 Обезбедување услови за започнување со работа во новите услови после завршување на реконструкцијата | 1.Средување на просториите со инвентар и опрема<br>2. Изготвување распоред за паралелките за користење на просториите /кабинети, училници<br>3. Изготвување нов куќен ред за ученици и вработени<br>4. | помошно – техничка служба членови на стручните активи<br><br>членови на стручните активи, пом. директори<br><br>менаџмент, стручна служба | потребен алат<br><br>тонер хартија | не се предвидени<br><br>тековни, според потребите | почеток на 2025 год.<br><br>почеток на учебна 2024/2025 | уредени простории<br><br>соодветно распределени паралелки во соодветни простории<br><br>почитување на куќниот ред | фотографии<br><br>распоред на кабинети, училници и паралелки<br><br>куќен ред |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поставување одговорни лица<br>5. Следење на работата во новите услови | | | | | | |

# V. ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

## Стручни квалификации и развој на училиштето

Општа цел на училиштето е да го продолжи процесот на изведба на слободни и сестрани личности, кој е започнат уште во основното образование, со таа разлика што што се надоврзува и целта учениците да стекнат знаење и способности во рамките на една од следните дејности: машинство, сообраќај, компјутерска технологија , ветерина, земјоделство, угостителство и туризам, градежништво, геодезија и шумарство. Стекнатите знаења и способни од овие дејности, во рамките на реформираното средно стручно образование и обука која е ориентирана кон пазарното стопанство и Европска унија, ќе им овозможина учениците да бидат конкурентни пазарот на труд на регионално и локално ниво. Исто така, учениците ќе имаат можност за продолжување на образованието на виши и високи стручни школи, како и на содветни факултети и универзитети, доколку одберат и положат дражавна матура. Сето ова имплицира дека учениците ќе можат оптимално, хармоничночно да ги развиват своите спообобности, својата личност, творештвото и талентираноста, да се мотивираат за да се образуваат до она ниво до кое сакаат и имаат способности да стигнат; ќе се воспитуваатза трпеливост, толерантност, за мир и меѓусебно разбирање, ќе бидат подготвени за вклучување на работа во соодветни фирми кои функционираат според вообичаеното стопанство, одговорно ќе ги вршат зададените задачи согласно на нивната улога; ќе бидат оспособени да ги согледаат можностите на пазарот и одговорно да донесат одлука за основање на мала сопствена фирма.

## Излезни образовни профили/квалификации

*Основни цели на училиштето се:*

1) стекнувања на знаеања од областа на: машинство, сообраќај, ветеринарство, земјоделство, угостителство, градежништво, компјутерска технологија, засновани врв научните сознанија;
2) практично оспособување на учениците за вршење дејности од горе споменатите области;
3) примена на знаење и способност во секојдневниот живот;
4) формирање правилен однос кон трудот и работата (одговорност, љубов и сл.);
5) оспособување за работа во услови на пазарно стопанисување;
6) развивање на чувство за демократија, толеранција, солидарност и сл.;
7) развивње на свест за зачувување и заштита на природата и животната

средина;
8) професионална ориентираност во согласност со нивните индивидуални способности, склоности и потребите на општеството;
9) развивање на критичкото мислење и потребата од нови сознанија и трајно образование.

Застапеност на профили/квалификации:

Со воведувањето на реформата во средното стручно образование од учебната 2019/2020 година, воведени се измени во терминологијата за именување на струките (терминот „струка“ е заменет со „сектор“), додека терминот„образовен профил“ е заменет со терминот„квалификација“ .

Во тековната учебна 2024/25 дуалното образование ќе биде застапено во следнитепрофили:

| Година на образование | Сектор/Квалификација | Компанија | Наставен јазик |
|---|---|---|---|
| I и II | Техничар за производно машинство | Киел Македонија ДОЕЛ -Тетово | Македонски и албански |
| III | | | Мкедонски |
| IV | | | Албански |
| II | Машински техничар за моторни возила | „Везе Шари“ ДОО- Тетово | Македонски |
| I | Готвач | Ресторан ТП „ БОС“ - Тетово | Албански |
| - | | - | Македонски |
| I | Техничар по ветеринарна медицина | ДОГ и КАТ ДОО- Тетово | Албански |
| III | Електротехничар - енергетичар | „Везе Шари“ ДОО- Тетово | Албански |

Табеларен преглед на (реформирани)сектори и квалификац за ученици запишани од I до IV година во училиштето, учебната 2024/2025 година.

| Бр. | Образовен сектор | Образовни квалификации | Степен (времетраење на образованието) |
|---|---|---|---|
| 1 | Сектор сообраќај, транспорт и складирање | Техничар за патен сообраќај | 4 годишно траење |
| | | Техничар за транспорт и шпедиција | 4 годишно траење |
| | | Ракувач за машини за пренос на материјали | 3 годишно траење |
| 2 | Сектор машинство | Техничар за производно машинство | 4 годишно траење |
| | | Машински техничар | 4 годишно траење |
| | | Машински техничар за моторни возила | 4 годишно траење |
| | | Техничар за комјутерско управување | 4 годишно траење |
| | | Инсталатер за греење и климатизација | 3 годишно траење |
| | | Автомеханичар | 3 годишно траење |
| 3 | Сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство | Техничар по ветеринарна медицина | 4 годишно траење |
| | | Агротехничар | 4 годишно траење |
| | | Агротехничар за традиционално и органско производство | 4 годишно траење |
| 4 | Сектор угостителство и туризам | Хотелско- туристички техничар | 4 годишно траење |
| | | Готвач/ келнер | 3 годишно траење |
| 5 | Сектор електротехнича | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 4 годишно траење |
| | | Електротехничар- енергетичар | 4 годишно траење |
| | | Техничар за индустриска мехатроника | |
| | | Електричар | 3 годишно траење |
| 6 | Сектор градежништво и геодезија | Градежен техничар | 4 годишно траење |

## Можности за вработување

Завршените ученици имаат можност за вработување во повеќе гранки на индустријата, земјоделието, сообраќајот, угостителски и ветеринарни институци на локално, регионално и републичко ниво. Некои од компаниите се: Авто ЦЕМ, Спектрум сервис, Алфа Сервис, „АМСМ“, Терминал, „Еврошпед“, „Машинотехна“, Здружение на возачи, „Пан Компјутери“Була бетон“ „Еуро бетон" и многу други фирми во градот и околината, како и голем број угостителски објекти.

## Образовен влез

За сите образовни профили во училиштето, влез е завршено основно образование.

## Проодност

Училиштето дава можности за хоризонтална проодност во застапените образовни профили по завршувањето на прва година преку полагање на диференцијални испити од стручно-теоретското образование ипрактичната обука од соодветниотот образовен профил на истиот), за кој ученикот или кандидатот се пријавил.

По завршвувато на втората година ученикот може да го продолжи образование само во соодветната струка.

За учениците кои доаѓаат од другите средни училишта важат истите критериуми.

| ОД ДРУГИТЕ УЧИЛИШТА, по прва година | |
|---|---|
| Во соодветната струка - слободно | Во друга струка– со диференцијални испити |
| ОД ДРУГИТЕ УЧИЛИШТА, *по втора година* | |
| Само во соодветната струка | |

По завршувањето на средното образование, учениците со четврти степен, образованието можат да го продолжат на било која виша или високо-стручна установа. Учениците од третиот степен потребно е да се доквалификуваат за четврти степен доколку сакаат да го продолжат образованието.

Учениците со трет степен на образование им се овозможува продолжување во четвртиот степен во истата струка со тоа што ќе треба да полагаат по 5 диференцијални испити за кои се применуваат програми од БРО. Во нашето училиште во четвтри степен на образование можат да продолжат сите профили со III степен образование од машинска, угостителско-туристичка, сообраќајна и шумарска струка со диференцијални испити по кратена програма според насоки од МОН.

Од мај 2014 г. во училиштетое воведено и специјалистичко образование од V степен, каде своето четири годишно образование во соодветните струки ќе можат да го продолжат редовните ученици, како и вонредните кандидати за следните профили: во машинска струка- маталостругар, металоглодач, лимар, автомеханичар и бравар;од угостителско-туристичката струка - готвач, слаткар, келнер и бармен; сообраќајна струка- инструктор,

како и специјалистичко образованиеза шумарска струка.

# VI. УСЛОВИ

## Наставен и друг кадар

### *Наставен кадар*

Училиштето располага со вкупно 136 наставници од македонски и албански наставен јазик.

### *Друг кадар*

Покрај наставниците во рамките на кадарот со кој располага се наоѓаат:

1. Директор: Димитрија Апостоловски
2. Секретар: Милена Јанеска
3. Пом.директор: Шериф Абдурамани
4. Пом.директор: Светлана Милошевска
5. Психолог: Кристина Дамјановска
6. Социолог: Илза Мусаи
7. Спец. едукатор и рехабилитатор: Сара Тофиловска Стојаноска

Вкупно вработени во Центарот, вклучувајќи ги сите сектори се:

192

## Училишен простор и опрема

Училиштето има две згради од кои во две се изведе настава. Старата зграда во која се изведува наставата е изградена 1928 година. Таа е од тврда градба и ја сочинуваат приземјето и спратот со вкупна површина од 3.328 м2. Новата училишна зграда е изградена 1981 година со вкупна површина од 5.357 м2 и е дадена во употреба истата година.

### *Просторни услови*

*Поради реконструкција на училиштето, просторните услови ќе бидат изменети согласно Проектот за реконструкција*

| Ред. бр. | Вид на простор | Број | | Површина ($m^2$) | | Вкупно ($m^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стара згр. | Нова згр. | Стара згр. | Нова згр. | |
| 1. | Училници | 27 | 15 | 1106 | 749 | 1855 |
| 2. | Кабинети | 2 | 8 | 182 | 1135 | 1317 |
| 3. | Библиотека | - | 1 | - | 116 | 116 |
| 4. | Канцеларии | 7 | 5 | 160 | 178 | 338 |
| 5. | Салазаобуки | - | 1 | - | 152 | 152 |
| 6. | Лабаратории | - | 2 | - | 164 | 164 |
| 7. | Работилници | 9 | 9 | 1267 | 830 | 2097 |
| 8. | Стакленик | - | 1 | - | 153 | 153 |
| 9. | Ходнициистепенци | 6 | 11 | 476 | 1735 | 2211 |
| 10. | Санитарничворови | 7 | 10 | 230 | 332 | 522 |
| 11. | Подрумскипростор. | 10 | 5 | 432 | 139 | 571 |
| 12. | Котларници | - | 1 | - | 302 | 302 |
| 13. | Скривници | - | 1 | - | 484 | 484 |
| 14. | Срортски терени и Игралишта | 6 | | 15750 | | 15750 |
| 15 | Спортска сала | 1 | | 620,38 | | 620,38 |
| 16. | Дворниповршини | - | | 3884 | | 3884 |
| 17. | Озеленета култивирана површ. | - | | 30000 | | 30000 |
| 18. | Фарми | - | | 1600 | | 1600 |
| 19. | Обработливиповрш. | - | | 96884 | | 96884 |

На еден ученик се паѓа по 3,39 $м^2$ ученички простор.

## Наставни средства, помагала и дидактички материјали

Согласно реконструкцијата на училиштето ќе бидат обезбедени нови наставни средства, помагала и дидактички материјали.

| Р. бр. | ВИД НА СРЕДСТВА | Број |
|---|---|---|
| 1. | Модели и шеми | 14 |
| 2. | Платно за проекција | 1 |
| 3. | Наставни паноа по биологија | 8 |
| 4. | Зидни карти на Европа, Свет, РС Македонија | 13 |
| 5. | Душеци, јарец, маса за пинг-понг, отскочна даска, шипка за тегови, тегови | 3/1/1/2/2/6 |
| 6. | Комјутер | 80 |
| 7. | ЛЦД проектор | 7 |
| 8. | Скенер | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Лаптор | 2 |

Во училиштето работи и училишна библиотека која располага со повеќе 13280 книги (македонски и албански јазик), и тоа:

- Стручна литература за наставници и ученици
- лектирни изданија
- белтристика
- речници
- енциклопедија

Библиотеката располага и со читална. Пристапот кон книгите е слободен. Работното време е прилагодено за да ги опслужува учениците и работите од двете смени.

## Ученички стандард

Во однос на ученичкиот стандард и напорите за негово подобрување, оваа учебна година ќе се превземаат следните мерки и активности:

- во однос на превозот на учениците, од 2007/08 година година организара бесплатен превоз за учениците. Училиштетодоставува списоци на учениците и нивни адреси до соодветните институции.
- обезбедена исхрана на учениците (бело пециво, бурек) во училишната кујна.
- во училишната книжара учениците можат да се снабдат со училишен прибор
- награди за ученици кои се истакнуваат во однос на на успехот и поведението како и на ученици кои постигнале значајни резултати на натпревари од одделни области
- овозможување бесплатно учество на летни школи и курсеви на истакнати ученици од разни области
- бесплатни учебници што ги обезбедува Владата на Р. С.Македонија.
- училиштето обезбедува услуги за реализација на предавата од невладини, здравствени и други институци кои се од интерес на учениците, како и овозможува на наши ученици да членуваат во младински организации.

# VII. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА

## Број на ученици и паралелки

Состојбата со бројат на ученици по струки и години во учебната 2024/2025 година е следната:

| Струка | Број на ученици и паралелки | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I година | | II година | | III година | | IV година | | Вкупно | |
| | Паралелики | Ученици | Паралелики | Ученици | Паралелики | Ученици | Паралелики | Ученици | Паралелики | Ученици |
| Машинска | 4 | 58 | 4 | 56 | 4 | 60 | 5 | 50 | 17 | 224 |
| Угостителско-туристичка | 3 | 21 | 3 | 27 | 4 | 20 | 3 | 19 | 13 | 87 |
| Земјоделско-ветеринарна | 2 | 9 | 1 | 6 | 3 | 13 | 2 | 14 | 8 | 42 |
| Сообраќајна | 3 | 41 | 3 | 25 | 3 | 31 | 3 | 31 | 12 | 128 |
| Електротехничка | 5 | 70 | 4 | 61 | 5 | 70 | 4 | 76 | 18 | 277 |
| Градежно-геодетска | 1 | 8 | 1 | 6 | 1 | 6 | - | - | 3 | 20 |
| Вкупно | 18 | 207 | 16 | 181 | 20 | 200 | 17 | 190 | 71 | 778 |

Во училиштето има вкупно паралелки 71 со вкупен број на ученици од 778. Од нив на македонски наставен јазик се 26 паралелки со 300 ученици, додека на албански наставен јазик се 45 паралелки и 478 ученици.

Со програми за тригодишно школување работат 11 паралелки во I , II и III година, и тоа: готвач, автомеханичар, електричар, ракувач на машини за пренос на материјали, инсталатер за греење и климатизација, според реформираното стручно образование.

Подетален преглед по паралелки, наставен јазик, пол и странски јазици е даден во прилог на програмите.

## Настава

Во учебната 2024/2025година , наставата ќе започне со реализација од далечина (онлајн), се до создавање на безбедносни услови за физичко присуство на учениците во училиштето, согласно Договорот за реконструкција на РЦСОО„Моша Пијаде“ –Тетово од 21.05.2024 година склучен од страна на МОН.

Наставата во училиштето се изведува на два наставни јазици: македонски и албански јазик. Се остварува теоретска настава по оопшто образовните и теоретско – стручните

предмети, часови програмирани од училиштето, /слободни часови на училиштето шпрактично образование (учење преку работа и феријална практика ).

Според реформираните наставни планови (четири годишно образование), практичната обука во I година не е застапена, во II година е застапена само во дуалните паралелки, додека во III и IVгодина, практичната обука се реализира преку предметот Учење преку работа во реални компании.

Практична настава во III годишното образование се реализира во сите три учебни години.

Покрај редовната настава , која е задолжителна за сите ученици, во училиштето ќе се остваруваат и следните видови на настава: консултативна, изборна, дополнителна и додатна настава.

*Феријална практика*

Феријалната практика во училиштето се изведува за време на летниот одмор на учениците по однапред утврден распоред по струки и во време траење утврдено со годишните наставни планови и програми.

Од учебната 2019/20година, се воведени модуларни наставни планови и програми, во кои има измени за реализација на феријалната практична настава, кои се вметнати во следната табела:

| Профил/ Квалификација | Број на денови по години | | | | Место на реализација на феријалната пракса | Одговорни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I год. | II год. | III год. | IV год. | | |
| Техничар по ветеринарна медицина | 10 | 15 | 15 | - | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Агротехничар | 10 | 15 | 15 | - | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Агротехничар за традиционално и органско производтсво | 10 | 15 | 15 | - | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Машински техничар за моторни возила | 10 | 10 | 10 | - | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Техничар за компјутерско управување | 10 | 10 | 10 | - | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машински техничар | 10 | 10 | 10 | | Компании | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Техничар за производно машинство | 10 | 10 | 10 | | Киел | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Автомеханичар | 10 | 10 | / | | Автосервиси | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Хотелско- туристички техничар | 20 | 20 | 20 | - | Угостителски објекти | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Готвач | 20 | 20 | / | | Угостителски објекти | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Техничар за патен сообраќај | 5 | 10 | 10 | - | Автобуски станици, станици за технички преглед, патни терминали | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Техничар за транспорт и шпедиција | 5 | 10 | 10 | - | Шпедитерски претпријатија, складишни објекти | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Ракувач на машини за пренос на материјали | 10 | - | - | - | Компании | Наставници по практична настава |
| Електротехничар за компјутерска техника и автоматика<br>Електротехничар-енергетичар | 5 | 10 | 15 | - | Компании за продажба и сервис на компјутери | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Електричар | 10 до 20 | 10 до 20 | / | - | Компании | Наставници по практична настава и ментор |
| Градежен техничар | 10 | 15 | 15 | - | Градежни фирми | Наставници по УПР и ментори од компании |
| Инсталатер за греење и климатизација | 10 | 14 | 16 | - | Компании | Наставници по практична настава и ментор |

*Изборна настава*

Изборните предмети се застапени со по два часа неделно и се во склоп на редовна настава. Таа ќе се изведе според понудените наставни програми за предметите во функција на државна матура и завршен испит, а по избор на учениците

*Факултативна настава*

Во оваа учебна година нема да се одржува факултативна настава.

*Консултативна настава*

Консултативната настава во училиштетоќе се организира и реализира за редовните ученици од завршните години кои се подготвуваат за државна матура и завршен испит, за ученити кои полагаат диференцијални испити, како и за вонредни ученици околу нивна подготовка за советување на определени содржини од предметите заради успешно полагаве на испитите. Предметните наставници ќе истакнуваат распоред за држење на наставата.

*Содржини програмирани од училиштето/ Слободни часови на училиштето*

Со воведувањето на реформираното стручно образование, слободните часови се преименувани како Содржини програмирани од училиштето, а ќе се реализираат во прва, втора, трета и четврта година по програми изготвени од училиштето, според упатство од ЦСОО и одобрени од Центарот (одобрените програми изработени од училиштето Англиски јазик за сите струки), како и програмите изготвени од ЦСОО.

*Дополнителна настава*

Дополнителната настава ќе се организира за учениците кои од разни причини имаат потешкотии во совладувавето на програмските содржини по одделни предмети во текот на целата учебна година.

Организацијата и начинот на реализација се пропишани во Законот за средно образование, член 48-а, според кој дополнителната настава станува задолжителна и за учениците и за наставниците. Овој вид настава задолжително ќе се организира според изготвен распоред по предметите, кој треба да биде истакнат до 20 септември, на видно место во училиштето. Дополнителна настава ќе се организира и по завршувато на наставната година со ученици кои се упатени на поправни испити, и во јунски и во августовски испитен рок. Наставата ќе се изведе со групи, но и индивидуално по потреба. Наставниците изготвуваат планирање за дополнителна настава.

Информирањето за реализација на дополнителната и додатната настава се реализира на следниот начин:

-на првата родителска средба како и на индивидуални средби со родителите класниот раководител ги запознава со распоредот за дополнителна настава за секој наставник од Советот паралелката, како и за тоа дека и самите можат да го погледаат распоредот на сите наредни средби родителите се информираат за тоа дали ученикот доаѓа на закажаните часови. Во текот на првите класни часови , класниот раководител ги запознава учениците со распоредот за дополнителна и додатна по предмети , а потоа за секој предмет наставникот ги известува учениците за распоред за реализација на часовите.

*Додатна настава*

Додатна настава се организира за учениците кои имаат посебни способности и интереси по одделни наставни предмети. Наставниците изготвуваат планирање за додатна настава. Според измените и дополнувањата на Законот за средно образование, наставникот е должен да понудин додатна настава на учениците, а нивно право е да одлучат дали ќе ја посетуваат.

Оваа учебна година ќе продолжи да се реализира државната матура и завршниот испит. Тие ќе се реализираат според посебниispitниprogramиза соодветните наставни предмети.

## Вонаставна воспитно – образовна дејност

Во рамките на овој вид воспитно-образована дејност во тек на целата наставна година ќе бидат програмирани и реализирани слободните ученички активности, екскурзиите, заштитата и унапредување на здравјето и опшестествено-културната дејност на учениците.

*Слободни ученички активности*

Слободните ученички активности се форма на воспитно-образовниотпроцессо која на учениците имсе овозможува да гизадоволатсвоите посебниинтересиисклоности, без огледна нивниотуспех, што придонесува за развој на сестраноста на ученикот. Слободните ученички активности се планира да се организираат во следните секции:

1) *Англиски јазик* (Одговорни: Верица Николовска и Бурим Даути)
2) *Македонски јазик-драмска* (Одговорни Маја Пероска и Душко Перински)
3) *Хортикултурно уредување на просторот* (Одговорни: Александар Христов и Симбиле Ајдини)
4) *Етика и култура на однесување во сообраќајот* (Одговорни: Зоран Ѓорѓевски и Агим Незири)
5) *Културно-уметнички активности (ликовна секција)* (Одговорни: Светлана Мичевска и Бурим Ајдини)
6) Атлетика (Одговори: Рамиз Исмаили , Абдураман Бајрами и Далибор Спасовски)

Одговориите наставници ќе работат според програми за реализирање на активностите, а исто така ќе бидат организирани и реализирани во слободното време на учениците, односно по завршуањето на наставата. Секоја активност е застапена со 70 часа годишно Наставниците овие активности ги води во посебни дневни или во дневник на паралелка.

НОСИТЕЛИ: Пом. Директори и претседатели на активи.

Покрај наведените слободни ученички активности во рамките на вонставната воспитно-образовна дејност ќе функционира и младинско ученичко организрање. Основата на ученичкото организирање го преставува ученичката заедница на класот, на годината и на училиштето.

Учеиичката заедницана класотсе состои од 3 члена исвојата активност ја реализира на релација ученици–класни раководители – стручна служба.

Училишната заедница на училиштето е највисока форма на организирање на учениците и ја сочинуваат претставницина ученичката заедницата на паралелките одкоисе избира претседателство. Во текот на годината, заедницата ќе работа по сопствена програма која ќе опфаќа позначајни прашања од животот и работата на училиштетои ќе го координира севкупното младинско ангажирање во училиштето.

НОСИТЕЛ: Стручна служба

*Екскурзии*

Екскурзиите како посебна форма на воспитно-образовната работа ќе бидат организирани со цел да се прошират општите и стручните знаења на учениците. Оваа учебна година, училиштето планира изведба на повеќе екскурзии за учениците од I-IVгодина и тоа: за сите ученици од I-IV година ќе се организираат две еднодневни екскурзии во Републиката. Едната ќе биде од наставно научен карактер, а другата од забавно-рекреативниот карактер.

Време: II полугодие

Одговорни: кл. раководители

За учениците од III година ќе се организира петднавна завршна екскурзија надвор од Републикава и за македонска и за албанска настава. Точната локација за посета ќе биде дополнително одредена.

Време: април- мај

Одговори: кл. раководители

Цел на екскурзиите: учениците да се запознаат со природните убавини и културно-историските знаменитости во Републиката и надвор од неа.

Истите се реализираатво согласнотсо Правилникот за организирање иизведување екскурзии.

Програмата за екскурзии е во прилогна Годишната програма

Покрај горенаведените се планира и стручни екскурзии од компензационо-образовен карактер. Овие екскурзии ги организираат активите по стручни предмети, а ги планираатво рамкитена своите годишни програми за работа. Во секој актив има одговорни наставници за екскурзиите.

НОСИТЕЛИ: Директор, пом. директори.

*Заштита иунапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето*

Оваа воннставна форма во рамките на воспитното-образовен процес има за цел да се грижи за здравјето на учениците и тоа од физички, психички и социјален аспект, како и за развој на личноста на ученикот од аспект на културата на живеење. Дел од задачите и содржините во рамките на оваа форма се опфатени во програмите на поедини наставни производи како: биологија, хигиена, спорт и спортски активности, психологија и некои од стручните предмети.

Конкретните активности кои се превземаат за заштита на здравјето се редовите лекарски прегледи и вакцинирање со цел да се одржува добрата здравствената состојба на учениците, нивниот психофизички развој и превенција од болести.

Преку планираните тематски содржини подготвени од страна на стручната служба кои се наменети за класните часови, ќе бидат обработени одредени теми кои се

однесуваат на грижата за физичкото и менталното здравје на учениците. Дел одтие теми се однесуваат на: последици и заштита од стрес; негативните последици од користењето на психоактивни супстанци, алкохол, негативните последици од пушењето,насилно и агресивно однесување; потешкотии со кои се соочуваат младите,асоцијално однесување; ненасилно разрешување на конфликтни ситуации;развивање на самопочитта, јакнење на самодовербата исигурноста во себе.

Воедно предвидено е и реализација на ОЖВ работилници кои се однесуваат на здравото живеење на младите и превенција од штеното влијание врз здравјето на младите од консумирање на алкохолот, пушењето и наркотичните средства; ризично однесување, контрацепција).

Планирано е да се соработува со стручни лица од Медицинскиот центар во Тетово, невладини организациски и останати институции и организации кои ја третираат оваа проблематика која е се поприсутна помеѓу младите луѓе.

Преку организаирање предавања од страна на училиштето на горенаведените теми ќе се влијае на превенција од негативните последици по физичкото и менталното здравје на младите.

Носител: класни раководители и стручна служба

## Развојни акциони проекти

Проекти во кои е вклучено училиштето се следните:

| Име на проект | Организација | Време на реализација |
|---|---|---|
| ЕКО- Училиште | УСАИД, здружение на граѓани ОХО, Швајцарска агенција за развој и МОН. | 11-та година на реализација |
| Проект за меѓуетничко младинско интегрирање | УСАИД | од 2018 г.-ќе се реализира и во тек на учебната 2024/25год. |
| КА121-ВЕТ (Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени во стручно образование и обука) | Еразмус+ | Од 2024/25 год. |
| Проект„Образование за вработување во Македонија"(за средни стручни училишта) | Амбасада на Швајцарија во РСМ, МЦГО и Стопанска Комора на Македонија | од 01 март,2018 и ќе трае 10 години |

За реализација на активности за проектите од Еразмус + се користат посебно опремени простории.

## Начини и тек на реализација на наставата

Воспитно-образовна работа и во почетокот на оваа учебна година ќе се изведе во две смени во двете училишни згради. За изведба на теоретската настава се корисат училници и кабинети, додека практичната обука се реализирапрекуработаво реалникомпании(четиригодишно образование) и практичнанастава(тригодишно образование)како посебен предмет е застапено восите струки по годиниво зависност од програмите.

*Феријална пракса*

Според наставните програми на реформираното образование, феријалната практика е застапена од прва до третта година во сите струки (четиригодишно образовани) и прва и втора година ( во тригодишно образование) а, се изведува позавршувањето на наставната година со траење предвидено според наставните планови.

*Професионална пракса*

Според наставните програми на реформираното образование, професионалната пракса не е повеќе застапена во наставните планови.

## Професионална ориентација

Професионалната ориентација треба да му помогне на младиот човек да добие поцелосна и пореална слика за себе и своите способности и да ја согледа својата улога во светот на трудот, успешно да го планира својот професионален развој. Тоа значи грижа и помош на младиот човек за негово професионално определуваше спорде своите спообобности, можности, интереси знања и умеења.

Професионалното ориентирање и советување ќе се одввива преку следните форми:

- редовната настава преку програмските содржини од предметите што се изучуваат
- додатната и изборната настава (се темели на стекнати знаења и умеења за одредени предмети за кои учениците покажуваат интерес и афинитети)
- практичната настава која се реализира во фирми и органиции
- слободните ученички активности (овозможуват поттикнување иразвивање на интересите,афинитетите итворечките способностина учениците, ги упатуваатучениците во достигнувањата од науката, техниката, технологијата, економијата, со што се врши професионално насочување кон одередено занимање или повеќе сродни струки)
- преку програмите за работа на класниот раководител и ОЖВ работилници во кои се опфатени содржини низ кои класниот раководител врши професионални ориентирани и советување
- соработката со локалната средина (посети на организациски, институции, факултети и сл.).
- соработка со Агенција за вработување и организирање предавања
- преку содржините програмирани од училиштето(слобоните часови)

Програмата за професионалната ориентација на учениците е во прилог на Годишната програма.

## VIII. УЧИЛИШЕН СИСТЕМ НА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ

### Следење и вреднување на постигањата на учениците

Постигањата на учениците ќе се средува преку усмено, писмено проверување и преку тестови на знаење. Оценувањето е по класификациони периоди и годишно и ќе се врши според соодветниот правилник. Наставниците изготвуваат критериуми и стандарди за оценување во согласност со истите изготвени од БРО и прилагодени колку што е можно со можностите и способностите на учениците.

### Вреднување на работата на наставникот

Работата на наставниците ја следи директорот, стручната службаи соодветните советници од Бирото за развој на образованието на РС Македонија, според утврдени критериуми и методологија. Наставниците водат и портфолио за работа кое ќе биде на увид на Државниот просветен инспекциски надзор при вршење увид и интегрална евалуација во училиштето.

Оценувањето на работата на наставниците и стручниците соработници се спроведува според одреди критериуми и норми пропишани од Министерство за образование и наука и Државниот просветен инспекторат.

### Вреднување на програмите на училиштето

Врз основа на планираните задачи содржани во програмата на училиштетоќебидат изготвени оперативни планови за одделни органи и тела, според обврските што ги имаат во рамките на воспитното-образовната дејност. Посебно внимание ќе биде посветено на оние задачи кои што во оваа програма се означени како приоритетни задачи.

Реализирањето на Годишната програма постојано и систематски ќе се следи од директорот на училиштето, стучната служба. Материјалот ќе се прибира, ќе се обработува во вид на информации, нивна анализа и обработка во извештаи и ќе се презентира пред стручните органи, родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти во наставниот процес.

Заклучоците и проценките од извршените задачи, врз основа на аналитички согледувања на резултатите од извршувањето на задачите од програмата, преку посета на редовни часови, дополнителна настава како и вонставни активности, задавање анкети, увид во педагошката документација, извештаи и записници од состаноци на стручни тела и органи во училиштето, ќе послужат како предлог-мерки за понатамошни стручни ангажирања во одделни подрачја на дејност.

На крајот на учебната година, согласно Законот за средно образование, ќе биде подготвен извештај за реализација на Годишната програма, што ќе биде презентиран на стручните и управните органи на училиштетои се доставуваат до надлежните органи.

Според Законот за средно образование од 1 септември 2010 г. , средното училиштее должно континуирано да ги внесува во интегрирана база на податоци следните податоци:

- досиеја на ученитите
- оценки на учениците,
- отсуствува на учениците од наставата,
- податоци за наставниците, стручниците соработници и други работи во училиштето,
- наставни планови,
- годишни програми за работа, учебници кои се корисат во наставата и финансиски податоци за училиштето.

МОН за дејноста на средното образование ќе води интегрирана база за погоренаведените податоци.

Е-дневникот за работа на паралелката продолжува да се води континуирано.

## ОБУКА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Ефикасното училиште подразбира соодветно обучен наставнички кадар. Од наставникот се бара тој да ја следи, да ја произведува и развива сопствена работа, затоа што наставниот процес е динамичен, не секогаш предвидлив и наставникот мора постоано да учи и професионално да напредува.

Со реформите во средното стручнообразование и обука, улогата на наставникот е битно изменета. Имено,наставникот се помалку е извор на знаење, а се повеќе посредник меѓу знаењето и ученикот до кое тој доаѓа преку други извори. Наставникот во современата настава има повеќе улоги: улога на дијагностичар на иницијална состојба, планер и подготвувач на наставата и другата воспитно-образовна и стручна работа, (изведувач, реализатор) и регулатор на социјални интеракции, поттикнувања на интерес и мотивација на учениците, класен раковител, истражувач и иноватор на сопствената работа, модел на позитивна личност.

За да може наставникот успешно да ги извршува овие сложени улоги потребно е стручната оспособенаност да ја надоградува континуирано.

Во нашето училиштесе води сметка на секој наставник да му се овозможи професионално усовршување и надоградба. Наставниците ќе се усовршуваат на секој семинар организиран на кој ќе бидат поканети.

Според Законот за средно образовани, Законот за наставници и стручни соработници и Правилникот за професионален личен развој на наставниците во училиштето е формиран Тим за професионален развој, кој ќе раководи со реализација на изготвената Програма за професионален разво.Програмата содржи предвидени обуки од областа на стручно усовршување во рамки на струката. Усовршување за работа со ученици со ПОП и индивидуални потреби.Од посебна важност ќе бидат обуките од ЦСОО и БРО во соработка со МОН.

Во тек се обуки, во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието, почнувајќи од 15.08.2024 до крајот на октомври-2024 година, финансирани од ЕУ во соработка со МОН и БРО.

Воедно се спроведуваат обуки на наставниот кадар од ЦСОО , УНИЦЕФ, кофинансирање на ХЕЛВЕТАС –Образование за вработување во РСМ (E4E@.MK) , во рамките на Проектот за поддршка на зелената ревизија на образовните програми за средно стручно образование.

Во рамките на проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средното стручно образование и образованието на возрасни," во тек се обуки кои ќе продолжат и во текот на годината, организирани од WE GLOBAL и МОН.

Фази на планирање на професионалниот развој во училиштето



Наставниците кои ќе посетат обука организирана од БРО или во рамките на некој проект, истата ќе ја дисиминираат во училиштетона нивно на активи или пошироко.

Во рамки на проектите од Еразмус+, предвидена е обука на вклучените наставници,кои потоа преку интерни обуки ќе реализираат дисеминација.

Програма за професионално усовршување на наставниот кадар е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

## IX. СЛОБОДА НА УЧИЛИШТЕТО

Демократскиот развој на училиштето подразбира слобода во креирањето на програмските документи, наставата, организацијата и ги задоволува искажаните потреби и интереси на учениците и тоа:

а) Во програмски документи :

- Годишна програмаза работа

- стручнипрограми специфичнизаобразовниотпрофил

- наставни програми

- програмите за вонставната воспитно-образовна

дејност б) Во наставата, во изборот на:

- формите

- методите

- дидактички материјал

- наставни средства и

помагала в) Во организација

на:

- Работното време

- активности

- планирање на формина организирање (на ученици, родители,наставниците)

- поврзувањето со социјални партнери и др.

е) Во задоволување на потребите и интересите на учениците во:

- ученичкото организарање

- можности за активен културен живот и влијание на годишнатапрограм

# X. УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

## Работни и управни органи

### *Директор*

Директорот, како непосреден работен орган, во тек на годишната работа, работи задачи и истите ги извршува согласно Законот за средно образование, подзаконски дејствија и статутот и ќе обезбедува и одговара за своето за својата работа, а за истата ќе води и обезбедува докуменација..

Оперативниот план на директорот е анекс на Годишната програма.

### *Помошници на директорот*

Во училиштето има двајца помошници на директорот чија функција е помош во раководењето на директорот, како и организација и водење на наставата.

### *Раководители на оддели - сектори - струки*

Училиштето е организирано во 4 организациски единиц и со свои раководители и тоа:

- управа - директор

- настава - двајца пом. директори

Претседатели на стручни активи (вкупно 10).

- училишно стопанство - управник

- машинска работилница - ракодител

- авто - школа - управник

Раководните органи на организационите единици работат по сопствени програми.

### *Училишен одбор*

Училишниот одбор како орган на управување во училиштето, во своето делување ќе ги обавува следните активности:

- Донесување на Годишната програма за работа на училиштето
- Разгледувавње и прифаќање на периодичната и завршната сметка на финансиското работење
- Соработка со советите на родителите
- Координација на активностите во работата на органите и телата во училиштето,
- Избирање на постојани и повремени комисии
- Разгледување на приговори на ученици за изречени педагошки мерки
- Следење на реализација на предвидени активности.

Од посебно значење ќе биде неговата функсија во ангажирањето за обезбедување иподобрување на условите за работаво училиштето, со целза осовременување на наставата ипостигнување на повисоки резултати.

## *Совет на родители*

Совет на родители ги врши следните работи:

- разгледува прашања од живототи работата на училиштетои дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа
- го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за подобрување на истиот
- ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување
- соработува со Наставничкиот совет
- Прекусвои претставници учествува во работатана Училишниот одбор
- се грижи за обезбедувања на материјалите средства за осовременување на наставата, изведба на екскурзии со учениците, награди на учениците и подобрување на условите за работа на училиштето.

Програмата за работа е прилог во анексот на Годишната програма за работа на училиштето.

## *Наставнички совет*

Наставничкиот совет во училиштето како највисок стручен орган кој ќе се грижи за организирање и остварување на воспитно-образовната работа, а основните активности кои ќе ги врши советот се: поделба на учениците по паралелки, уписот на учениците, завршниот испит, распоред на наставниците по години на образование, паралелки и наставни предмети, определи на раководители на паралелките, распоред на работа и задолженија на наставниците и на комуникациите форма, и други помошни тела, одредува пофалби и педагошки мери на учениците, разгледува и оценува на работи на наставничкиот совет, комисиите и стручните активни, одобруваат на Екскурзии, на отчетување на уверување 10 дена,доделување награди и пофалби на учениците, предлагаме за подобрување на материјалните услуги на Училиштето за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес, организатори на професионална практика на учениците, разработуваме на Стручно педагошко усовршување на наставниците, мислење по годишната програма и сл.

Прилог програмата е приложена во анексот.

## *Наставенички совет на годината*

Наставничкиот совет на годината го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава на годината и претставници на ученици и родители. Наставничкиот совет ја организира и спроведува образовно-воспитна работа и се грижи за нејзино усовршување, решава прашања предложени од наставничкиот совет на паралелките, дава помош во работата на училишната заедница на годината,соработува со родителите. Поради

заедничко решавање на проблемите, работи на подобрување на успехот на учениците, доделува пофалби и награди за учениците, и изрекува педагошки мерки на учениците, Мислење на наставничкиот совет на Училиштето за работи за кои треба да одлучува, одобрува отсуство на ученици до 9 дена и др.

Прилог програмите се во анексот на Годишната програма.

### *Наставнички совет на паралелката*

За организаторско изведба на наставата и другите форми на образовно-воспитно работа во паралелката се формираат наставнички совети на паралелки. Овој совет го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава во паралелката. Советот во текот на годината непосредно ја организира и спроведува образовно-воспитна работа и се грижи за нејзино усовршување, ги утврдува периодичните и конечно резултатите од работата и поведението на учениците, дава помош на ученичката заедница во работата и ги разгледува условите за работа на учениците, соработува со родителите. Учествува во заедничко решавање на прашања за успехот и поведението на учениците, пофалува и наградува ученици, изрекува мерки на ученици, му предлага на наставничкиот совет на годината и Училиштет оодлуки од неговиот делокруг. На седници на советите на паралелките задолжително примање претставници на училишната ученичка заедника кои изнесуваа мислење и предлози на наставата, оценувањето, успехот и дисциплината на учениците.

Прилог програмите е во анексот на Годишната програма.

### *Стручни активи*

Стручните активни по одделен предмет или група предмети ќе се состануваат најмалку еднаш во месецот. На состаноците ќе се разгледуваат заклучоци од семинари, ќе се обработуваат теми од областа на образовно-воспитниот процес, ќе се води посебна грижа за изедначување на критериумите на оценувањето,ќе се даваат предлози за усовршување на наставата и ќе се вршат анализи на целокупната наставна дејност и врв основа на нив ќе се дава предлози за усовршување на истата. Исто така ќе контактираат со педагогот и директорот, а по потреба ќе соработуваат и со други училишта во градот и Републиката.

Активите ќе внесуваат иновации во наставата, а ќе вршат експерименти по одредени дисциплина. Активите ќе соработуваат со учениците, родителите и одредите стручни установи за ветување на нов квалитет во работата.

Прогамите за работа се во анексот на Годишната програма.

### *Стручни соработници*

Училиштето има училишен психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и социолог. Тие учествуваат во изготвување на училишниот курикулум , соработуваат со наставниците, помагаат во изработката на програмата на класен раководител, го следат успехот и редовноста на учениците, ја следат реализацијата на наставни програми и планови, ги следат методите на вреднување на постигнувањето на учениците, им помагаат на наставниците при изработка на тестови на знаење како и ИОП за учениците со посебни образовнни потреби, превземаат активности за реализација на програмата за здравствено воспитување, соработуваат и помагаат во решавање на интерперсонални и др проблеми на училишниот колектив, пружаат поддршка во примена на ефикасни облици и методи на работа кај наставниците, работат на програмирање и реализирање на форми на обука на наставниот кадар,учество на проекти, нови програми, како и истражувања.

Прилог програмите се во анексот на Годишната програма.

### *Раководители на паралелки*

Раководителите на паралелките и педагошки, организациски и администратIVни носители на активности на паралелни. Тој има обврска да свикува седница на наставничкиот совет на паралелката по прашања од интерес на учениците, да се грижи за редовно посетување на наставата од страна на учениците, да го одржува часот на раководителот. , да дава помош на заедништвото на паралелката за својата паралелка во траење од еден ден, како и други задачи за кои ќе го задолжи Наставничкиот совет.

## XI. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО

### Со семејството

Со цел да се унапреди воспитно-образовниот процес во Училиштето потребно е да се воспостави соработка со родителите односно семејството на ученикот.

Како новина со чија реализација се започна од 01.01.2012г, а според измените и доплонувањата во Законот за средно образование, член 58-а, советувањето на родителите станува задолжително.

Постапката и начинот на советување се пропишани со Законот за средно образование,во споменатиот член.

Училиштето и стручната служба се должни да постапуваат според овој член од законот кој вклучува и санкции за негово непочитување.

Во рамките на континуираната соработка со родителите и понатаму ќе се реализираат следните форма:

1. Една од формите на соработката се индивидуалните средби помеѓу родителите и класните раководители / или предметниот наставник на кој се дискутира отворено за сите проблеми на кои се наидува со цел да се разрешат и на ученикот да му се помогне во полесно совладување на материјал.

2. Друга форма на соработка се родителните средби. За таа цел се изработува ориентационен план за работа на родителските средби. На тие состаноци меѓу другото родителите се запознаваат со:

- правата и обврските на ученитите во Училиштето и правата и обврските на родителите кон нивните деца
- начинот на изведувве на наставата како редовна така и дополнителна, додатната и консултативната настава
- начинот на оценувато на учениците
- правилникот за изрекување на педагошки мерки
- можностите за побрзо напредуваве на учениците (учество на натпревари, можноста на талентираните ученици да земат 2 години во една и сл.)

Во Училиштето се практикуваат родителските средби да се одржуваат во ист ден иист термин за сите класови истовремено.

На родителските средби може покрај класниот раководител да учествува и предметен наставник кој ќе даде дополнителен објаснувачки за одредени работи во наставниот процес.

3. Учеството на родителите е и во Советот на родителите, а исто така може да биде и во Советот на паралелката, особено ако се појави проблем на релација предметен наставник и ученик или класот во целина.

4. По потреба, се организираат трибини на кои учествуваат родителите,а кои опфаќаат актуелни теми од животот на младите поврзани со пороците на современиот свет како на пр. никотинизмот, алхохолизмот, наркоманијата,пубертетот и проблемите кои ги носи истиот и други актуелни теми.

5. Родителите можат да се вклучат исто така и во наставниот процес со нивна посета на часовите како на класниот час, така и на останите часови со што ќе имаат можност непосредно да ги набкудуваат своите деца. ,како и следење на наставниот процес.

6. Родителите кои имаат соодветна професија на струката која ја избрало неговото дете може да учествува во слободните активности предвидени во наставата со цел да пренесе дел од своето работно искуство и знаење од практиката со тоа да даде свој придонес во образовниот процес

7. Родителот може да помогне во организирање на посета на учениците во фирмите од соодветна струка со цел учениците да се запознаат со работниот процес во истите, со што ќе се запознаат и со практиката, односно теоретски стекнатите знаења кои ќе ги осознаат во релниот живот. Ваквите посети ќе допринесат и за поуспешне реализација на практикачната настава и феријална практика.

8. Соработката во писмена форма е уште една од форматите на соработката на родителите и Училиштето преку која тие се информираат за постигнатиот успех на нивното дете, на пр. Успехот на тромесечието или полугодието информирање за изречена педагошка мерка и сл.

9. За остварување поефикасна комуникација со родителите ќе биде одреден отворен ден за посета на училиштето.

10. Во Училиштето на Огласна табла е истакнат список на слободни термини за прием

на родители на секој предметнат наставник.

11. Соработката со родителите има и обичајната обврска со изменетите и дополнувањата во Законот за основно и средно ображување преку воведување на задолжително Советување на родителството

## Со социјалните партнери и установи од струките застапени во училиштето

Училиштето оствари успешна соработка со повеќе компании: Ветеринарна станица – Тетово, Вет.амбуланта „ Ветмедика", Везе Шари, Вететеринарна аптека „Дог кет", Земјоделска аптека „Агроквантум", Земјоделска аптека „ Јонатон", „ Интер мебел", Мебел "Интер Фантази", Погон за стакло„ Викторија", „Патент Рафт", Менсар Тек, Итексервис, СТР Компјутерс, ПАН ИТ & принт, АД Печатница „ Напредок", ИРЗ- Тетово, ОТК сервис, Макстех, БИА мебел, Гоги тенди, ИТС Системи, Сервис за апарати„ Ама", Електроинсталатер „ Гафо", „Е-теч", „Сатерм", БС Електро 2018, ТС Електрик, Електрика АГ, BLIC, BOSCH, Була транс, Хак бус, Даути комерц- Сарај, „Ле ро шпед", Линк шпед, „Коктел трејд", НЕС комерц, „Валк комерц", САБА карго, „ Лактоза", Бени, дооел, Беџети компани, Ресторан „ Бакал", Ресторан„ Сенатор, Гостилница „ Кеш", Ресторан„ Парадокс", Турис.агенција„ Фортуна турист", Кафуле „ Стрејт", Туја – бар, Ресторан М-house и други и помага на учениците од дуалното образование.

Соработката се наоѓа на тој начин што наставници по практикачна настава од нашето училиште воспоставува непосредена соработка со инструкторите од споменатите стопански субјекти и институции задолжени да ја водат стручната обука од нашето училиште. Соработката е константна во тек на цела година, а таа се наоѓа и на повисоко нивот.е. на ниво на поправни органи. Во овие активности ќе бидат вклучени и други социјални партнери (АВРМ, Стопанската комора, локална самоуправа Тетово, Центар за социјална работа – Тетово, МВР -Тетово).

Културната дејност во локалната средина, училиштето ќе ја остварува преку посета на театарски претстави, кино претстави, присуство и учество на литературни читања, посета на изложб и, музеи, спортски натпревари, учество на други акции во градот итн.

Ваквата соработка е многу значајна за нашето училиште, пред сѐ и поради тоа што со ваквата соработка се овозможува некои од учениците да се вработат во фирмите каде ја обавуваат практиката доколку инструкторите се задоволни нивната работа. Ваква соработка се остварува и со приватни фирми соодветни на струката на учениците, со тоа што овие фирми ги задржуваат учениците на работа и за време на летниот период.

Училишниот центар ќе ја развива и продлабочува соработката со локалната самоуправа.

Соработка со други училишта, стручни институции, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образование
Како Регионален центар за средно стручно образование и обука приоритет во соработката ни се останатите регионални центри во РСМ: ДЦУ –РЦСОО

„Киро Бурназ“ - Куманово, РЦСОО „Ванчо Питошевски“ - Охрид.

Училиштето негува добра и долгорочна соработка со:

- другите средни училишта во градот
- сродни средни стручни училишта во Републиката ,Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието и нивните организациони единици во Тетово, со цел унпредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи го тука и усовршувањето на раководниот, наставниот, стручниот кадар.

### Меѓународна соработка

Во рамките на Еразмус + проектите ќе се соработува со училишта од земјите проекти во проектите.

## XII. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Буџетот на училиштето се формира со средства од буџетот на Р. С.Македонија (преку МОН), Средства од Општината, од сопсвени приходи, донаторства , партиципација. Според член 121 од Законот за Средно Образование, Јавните училишта можат да стекнуваат средства и од: партиципација на корисниците на услуги продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна дејност, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа во кои се остварува практична обука на учениците, проекти одобрени од министерот, камати и девиденди на пласирани средства и други извори.

## XIII. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ГОДИШНАТАПРОГРАМА

Датум на изработка: 19.08.2024.
Институција - носител на изработка: РЦСОО „Моша Пијаде“ - Тетово
Одговорно лице : Димитрија Апостоловски, директор
Носители на изработка:

1) Димитрија Апостоловски-директор
2) Светлана Милошевска- пом.директор
3) Шериф Абдурамани–пом.директор
4) Кристина Дамјановска – психолог
5) Сара Тофиловска Стојаноска- спец. Едукатор и рехабилитатор
6) Илза Мусаи –социолог

## XIV. ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Годишната програма на РЦСОО „Моша Пијаде“ ја одобри Училишниот одбор со одлука бр. 02-343/3 од 27.08.2024 година.